**Circle Lab, револуционерен изучувачки пристап за циркуларна хемија во второстепено образование**

---

Почитувани,

Здружението на граѓани Еко Логик, започна со имплементација на активности насочени кон актуелизирање на процесот и изучување на процесот на циркуларна хемија.

Проектот CIRCLE-LAB Еразмус+ КА201 се стреми кон развој на курсеви за тренирање на наставници, како и едукативни алатки на темата циркуларна економија, со фокус на одржлива хемија. Поточно, платформата ќе нуди неколку дигитални алатки како видеа, игри, интерактивни прирачници за едуцирање на сите поврзани со училиштето (ученици, наставници, семејства), со цел да се зајакне свеста на учениците и наставниците за одржливоста и циркуларната економија, поддржувајќи активно граѓанство, потенцирајќи ги нивните попречни вештини и нивниот интерес за НТИУМ предметите (Наука, Технологија, Инжинерство, Уметност и Математика.

Овој проект ќе сплоти заедно 9 партнери од 5 земји, односно од 5 Европски земји-членки (Шведска, Италија, Литванија, Шпанија, и Северна Македонија), и ќе сплоти намери за култивирање едукативни содржини за одржлива хемија за средно образование, наменето за наставници и ученици. Circle Lab е проект во кој се планира подобрување на тренинг курсевите за наставници, и едукативни средства околу темата циркуларна економија, со фокус на одржлива хемија. Circle Lab има за цел да развие четири интелектуални резултати за циркуларна економија, тренирање на наставници, циркуларна хемија, и circle lab онлајн средина.

Резултатите на проектот ќе имаат моментален ефект врз децата и младинците на возраст од 10-19 години низ цела Европа. Проектот се стреми да го доближи хемиското образование поблиску до темата за одржливост. Circle Lab ќе се

Erasmus+ Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

фокусира и на одржлива хемија, со цел да се елаборира на материјалите и процесите врз база на обновливи и богати извори како јаглерод диоксид, биомаса, сончева енергија, со посебно внимание на циклусите на материјалите и трајноста на продуктите.

Вашиот фидбек ќе биде навистина вреднуван, и доколку имате некакви прашања или би сакале да споделите нешто, односно да учествувате во нашиот проект, Ве молиме испратете ни е-маил на circlelabproject@gmail.com (на англиски јазик) и/или на andrijana.ecologic@gmail.com и следете не на социјални медиуми @circlelabp.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

*Инфо за Здружение на граѓани Еко Логик*

*Здружението на граѓани Еко Логик е непрофитна организација која е посветена на заштита и зачувување на животната средина, промоција на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржлив развој.*

*Организацијата ги охрабрува и поддржува позитивните промени во животната средина во форма на: Промоција на екологијата како наука; Промоција на концептот за почисто производство; Надградба на еколошкото образование; Промоција на принципот за одржлив развој и создавање нови „зелени" работни места; Имплементирање на различни кампањи поврзани со заштита на животната средина, заштита на права на работниците, одржлив развој итн.*

*Еко Логик има силна позадина и искуство во работата поврзана со деца, млади и возрасни, нагласувајќи ги неформалните активности во образованието на различни теми. Од основањето во 2011 година, организацијата се посвети на споделување и промовирање на знаење и информации за темите на животната*

Erasmus+ Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

*средина, екологијата и одржливиот развој во основните училишта и средните училишта низ целата земја, но и низ цела Европа.*

Со почит,

Андријана Зафировска, проектен координатор

Здружение на граѓани Еко Логик

andrijana.ecologic@gmail.com

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union